**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: Радиодифузерите регистрирани за емитување платено политичко рекламирање (Регистар на ДИК)

За: Управителите/директорите и одговорните уредници

Бр. 03-2684/1

Скопје 26.06.2020г.

**Предмет: Потврда на емитуваното платено политичко рекламирање**

Почитувани,

Во врска со примената на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање (бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година), Ве известуваме за следново:

- Во првите два дена од изборната кампања регистриравме грешки во некои медиа планови, односно разлики во декларираното во плановите и реално емитуваното, поради што **Ве молиме, плановите да ни ги праќате по нивната реализација со внесени корекции доколку се случиле промени при емитувањето.** Праќајте ги за периоди од два дена (третиот ден за претходните два дена). Укажуваме дека медиа плановите мора да кореспондираат со податоците за емитуваното платено политичко рекламирање за да не се соочите со проблеми при исплатата на средствата. Согласно член 76-д став 3 од Изборниот законик, ДИК ги исплаќа трошоците за објавеното платено политичко рекламирање врз основа на доставена фактура од Ваша страна, во чиј прилог доставувате и договор, медиа план и извештај за реализирани услуги

- Радиодифузерите што досега не емитувале платено политичко рекламирање, редовно нека известуваат (на неколку дена) за тоа дали има или ќе има промени, преку адресата - izbori@avmu.mk.

- Договорите за емитување платено политичко рекламирање, доставувајте ги по нивното потпишување.

- Во однос на обврската за достава на снимки од програмата, за првите пет дена од кампањата, согласно Упатството, снимките ги очекуваме во понеделник (29 јуни) или вторник (30 јуни). Потсетуваме дека **снимките треба да бидат само за реалните часови во кои сте емитувале платено политичко рекламирање**, а не за вкупната програма. Снимки

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**треба да испратат само радиодифузерите наведени во прегледите** што ви ги доставуваме во прилог на овој допис.

- Следните снимки, Ве молиме испраќајте ги според динамиката утврдена во Упатството.

- Со оглед на кадровскиот капацитет со кој располагаме и обемот на обврски не можеме да одговориме на барањата за потврда дали мејловите се примени. Автоматска потврда дека мејлот е прочитан можете да добиете доколку при неговото испраќање подесите таква опција. Доколку забележиме дека недостигаат податоци, соработниците задолжени за обработка на податоците, ќе Ве контактираат.

- За евентуални прашања поврзани со овој процес, контактирајте ги:

**Огнен Неделковски (за радијата)**, телефон: 072 212 686 или на е-маил: izbori@avmu.mk или o.nedelkovski@avmu.mk

**Виктор Стојанов (за телевизиите)**, телефон: 078 431 949 или на е-маил: izbori@avmu.mk или v.stojanov@avmu.mk

За следните фази од процесот поврзани со изработка на извештаите и нивното потврдување, навреме ќе Ве известиме. Потсетуваме дека за овој изборен процес ќе треба да подготвите само еден извештај за реализирани услуги, на образец што ќе Ви го доставиме.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување на директорот**

---------------------------------------------

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

Прилози:

- Преглед на радија што треба да достават снимки
- Преглед на телевизии што треба да достават снимки